Општина
# Гази Баба
ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ЈУНИ 2007- БРОЈ 6



# Ликовна манифестација "Виниче 2007"



ДЕТСКИ СЕМАФОР

## Деца од Гази Баба одат да победат во Шпанија



АЛЕКСАНДАР СПАСЕНОВСКИ

## Пратеник од нашето соседство



ИВО ЦВЕТКОВСКИ, ЕВРОПСКИ ВИЦЕШАМПИОН ВО КАРАТЕ

## Сребро - успех за клубот и општината

# КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ
## ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА



Општина Гази Баба е прва локална единица во Скопје која донесе Одлука за формирање на сопствено јавно комунално претпријатие.

**Кои се причините за негово формирање?**

Причините поради кои сакаме да формираме јавно комунално претпријатие е тоа што јавните градски претпријатија како што се "Комунална хигиена" и "Паркови и зеленило" имаат надлежност само во урбаниот дел на градот, односно за делот кој е опфатен со генералниот урбанистички план. Со оглед дека 50 % од територијата на општина Гази Баба е рурален дел, во тие места не се одржува хигиената, односно не се врши собирање на цврстиот отпад, миење на улици, уредување на зеленило. Исто така имаме проблем и при ангажирање на други фирми, бидејќи жителите не им плаќаат за услугата и тие прекинуваат со работа, или бараат општината да ги собира парите од граѓаните и да им плаќа. Поради тоа, во руралниот дел на општината состојбата со цврстиот отпад, фекалиите и зеленилото е многу лоша.

**Која ќе биде основната цел на ова претпријатие?**

Претпријатието ќе го организира собирањето на цврстиот отпад, при што во почетниот период ќе ангажира фирми, а паралелно ќе се бараат донации во минимум две возила. Едно за собирање на цврст отпад и една цистерна за фекалии. Ќе го организира и празнењето на септички јами од фекалии. Притоа, ангажираните фирми нема да смеат



# Конечно, општинско комунално претпријатие

да фрлаат цврст отпад или фекалии на недозволено место, како што беше случајот досега, кога граѓаните сами ангажираа фирми. Согласно законот за комунални дејности, секое домаќинство во овој дел од општината ќе треба да плаќа за изнесување на цврстиот отпад, што значи, дека ова јавно претпријатие ќе наплаќа од грѓаните. Покрај тоа, претпријатието ќе го одржува уличното осветлување и водоводите во неколку населени места кои имааат сопствена мрежа, како што се Раштак, Виниче, Црешево, Страчинци, Брњарци и Смиљковци, доколку се договориме со месните заедници да ни ги отстапат на одржување. Исто така, претпријатието ќе се грижи и за чистење на депонии и уредување на зеленилото.

**На кој начин ќе функционира и ќе опстојува претпријатието?**

ќе има ВД директор и минимален број на вработени. Нема да дозволиме ова претпријатие да биде биро за вработување на партиски, пријателски или било какви релации. Ќе се почне со директор и секретарка и понатаму ќе се ангажираат фирми се додека не добиеме возила со донација, за што имаме ветување од повеќе амбасади, а очекуваме од ГТЗ да добиеме техничка помош во компјутери и програма, а понатаму и во друга опрема. Ова претпријатие ќе треба да направи и евиденција на домаќинствата во делот на општината кој ги опфаќа населените места Дрма, Идризово, Колонија, Јурумлери, Скопско Поле, Трубарево, Ергеле, Инџиково, село Сингелиќ, Економија, Брњарци, Страчинци, Стајковци, Виниче, Црешево, Смиљковци, Булачани и Раштак. Во моментот ниту општината ниту Град Скопје ја има оваа евиденција. Согласно законот за комунални дејности секое домаќинство треба да плаќа за изнесување на цврсиот отпад, значи ова јавно претпријатие ќе наплаќа за услугата од граѓаните.

**Каква е реакцијата на жителите од овој дел на општината?**

Имаме стопроцентна поддршка од месните заедници и жителите на овие населени места, кои во ова претптрипријатие гледаат спас и излез од сегашната лоша состојба. Мора да им се заблагодарам на советниците што дадоа поддршка за формирање на ова ЈП, а ќе биде многу тешко додека не го оформиме комплетно. Сепак, очекуваме да започне да функционира веќе од следниот месец.





# 400.000 денари за парк-шумата Гази Баба

По повод Денот на пролетта 21 март и деновите на екологијата, општина Гази Баба во соработка со град Скопје и ЈП Паркови и зеленило, изработи проект за збогатување на содржините на Парк шумата Гази Баба. За овој проект, општина Гази Баба издвои 400.000 денари. Во шумата на локалитетот Гази Баба, се изградија уште два павилјона, една летна училница, пет настрешници, детско игралиште, се иззидаа постоечките чешмички, а се постави и информативна табла за содржините. Општина Гази Баба прави огромни напори за заштита на ова подрачје. На наша иницијатива, беа одржани многу трибини и средби на оваа тема. Потребно е да се посвети големо внимание на овој локалитет за да се заштити и унапреди до потребното ниво. Неопходно е да се изработи детален проект, каде ќе бидат точно дефинирани сите содржини на Парк шумата и да се пристапи кон негова реализација. Постои и иницијатива за прогласување на локалитетот во втор Градски парк, со што би се добил многу повисок степен на заштита.

Се надеваме дека со овие содржини ќе го збогатиме просторот и ќе го направиме посакувана дестинација, не само за локалното население туку за жителите на целиот град. Да го насочиме вниманието кон ова исклучително место и да го дадеме својот придонес кон добивањето на заслужениот рејтинг на Гази Баба.





# Цветно уредување на градини и балкони

И оваа година општина Гази Баба во соработка со Организацијата на жени на општина Гази Баба, организира акција за избирање на најубаво уреден двор (градина) и најубаво уреден балкон. Овој проект е логично продолжение на минатогодишниот успешно реализиран пилот проект за избирање и награда на најубаво уредениот балкон во населба Автокманда.

Имајќи го во предвид минатогодишниот интерес, оваа година општина Гази Баба реши на проектот да му даде поголема димензија. Во рамките на овогодинешниот проект ќе се избира најубаво уредена градина и најубаво цветно уреден балкон на територија на целата општина.

За таа цел, беа организирани три едукативни трибини во населбите Автокоманда, Ченто и Маџари, на кои стручни лица од Шумарскиот факултет одржаа предавања како најлесно да се произведе декоративен саден материјал и истиот успешно да се вкомпонира според бојата, формата и текстурата во останатиот простор. Посебно внимание се посвети и на правилната нега и одгледувањето на растенијата, како основен предуслов за добивање на комплетна композиција.

Практичните совети беа составен дел на дискусијата каде присутните имаа можност да поставуваат прашања од оваа област.

На трибините се дускутираше и за критериумите според кои ќе се оценуваат најдобро уредените градини и балкони. Жителите на општина Гази Баба кои имаат градинарски дух, се охрабруваат да ги пријават своите зелени композиции на наградниот конкурс за избирање на Најубаво уредена градина и балкони во општина Гази Баба.

Заинтересираните може да се пријават најдоцна до 30 Јуни 2007 година во општина Гази Баба или на телефоните 3222 876 и 3238 966. Изборот ќе го врши стручна комисија, а наградите ќе бидат доделени во текот на Јули.

Општина Гази Баба се надева дека со вакви проекти во голема мера ќе го поттикне креативниот дух и ќе го мотивира населението да ја озелени и обои својата животна средина, а со самото тоа и ќе се разубави и општината.



# Проширена е улицата пред црквата Св. Архангел Михаил во н. Автокоманда

Општина Гази Баба ја реконстриуира и прошири улицата пред црквата "Св. Архангел Михаил" во н. Автокоманда. Улицата е проширена за 1.60 метри со што во иднина треба да се олесни одвивањето на сообраќајот. Реконструираната должина изнесува 200 метри на кој е нанесен нов слој асфалт. Во рамките на овој зафат направен е и нов тротоар од павер елементи со широчина од 1.40 метри, а поставено е и ново осветлување во должина од 200 метри.



# Паркинг пред црквата „Св. Јован“ во н.м. Булачани

По повод Велигденските празници, општина Гази Баба им излезе во пресрет на жителите на населеното место Булачани кои веќе подолго време се соочуваат со проблемот околу паркирањето на возилата пред црквата "Св. Јован". Оваа состојба се провлекува повеќе години и претставува проблем, не само за локалното население, туку и за жителите од околните населени места кои го користат локалниот пат.

Општината интервенираше со расчистување на теренот и изградба на паркинг простор за околу 70 возила. Просторот е со големина од 1000 м2.

Во иднина се планира да се изградат вакви паркинг простори околу сите верски објекти во општина Гази Баба.



# Заврши и третиот курс по англиски јазик

По повод 30 годишнина од постоење на општина Гази Баба, во месец октомври започна третиот курс по англиски јазик. На конкурсот се пријавија околу 100 кандидати а истиот траеше 4 месеци. За успешно завршениот курс, општината во соработка со училиштето за странски јазици "Филос" додели 62 сертификати. Вкупната бројка на млади на кои општината им овозможи да го изучуваат англискиот јазик, изнесува околу 200.

Во иднина, општина Гази Баба планира повторно организирање на вакви или слични курсеви.



На ул. Ташко Караџа во населбата Автокоманда, општина Гази Баба во соработка со Ј.П. "Водовод и канализација" ја заменија старата водоводна мрежа. Мрежата на оваа улица беше стара околу 50 години и изработена од азбесно-цементни водоводни цевки и истите се заменија со Дуктил цевки, кои одговараат на денешните високи стандарди за водоводна мрежа за вода за пиење. Вкупната должина на зафатот изнесуваше 450 метри. Со оваа заедничка инвестиција жителите добија редовно водоснабдување со подобрен квалитет.

Општина Гази Баба е прва во град Скопје која започна со промената на азбесноцементните цевки.





Општина Гази Баба започна акција на бушење на бунари за добивање на техничка вода за полевање на зелените површини во општината. Првиот бунар е ископан во Паркот Ченто во населбата Методија Андонов Ченто. Во оваа акција планирано е да се избушат уште три нови бунари на територијата на општината. Ставајќи ја во функција подземната вода би се намалил проблемот со недостиг на вода на овие подрачја и сушењето на тревниците и зелените површини.





Врз основа на Законите за животна средина, идустриските и производствените капацитети имаат обврска да добијат интегрирана еколошка дозвола. Општина Гази Баба ги информира своите жители дека пристигнаа барањата на индустриските капацитети "Макстил", "Митал стил" и "МЗТ Леарница". Сите заинтересирани граѓани може да дојдат во канцеларијата за животна средина во општина Гази Баба, барака број 4 на увид на поднесената документација.

За поголемите капацитети се издава А интегрирана еколошка дозвола, која ја издава Министерството за животна средина и просторно планирање, а помалите капацитети добиваат Б дозвола која ја издава град Скопје. Општините во град Скопје имаат обврска приложената документација од страна на фирмите да ја дадат на увид на граѓаните.



Во соработка со Ј.П. "Комунална хигиена" од 26.04.2007 до 14.05.2007 општината ја спроведе пролетната акција за подобрување на комуналната хигиена. Акцијата опфати генерално чистење на мини депонии, отстранување на неисправни и превртени контејнери, генерално чистење и миење на улиците и поставување на наменски контејнери за отсранување на стари неупотребливи предмети од домаќинствата.

Резулатати од акцијата се:

- отстранети околу 1000 $м^3$ смет и шут од мини депонии,
- поправени 94 контејнери и инсталирани уште 11 нови
- и исчистени и измиени се 2.500.000 $м^2$ улици

Во акцијата беа опфатени населбите: Железара, Автокоманда, Керамидница, Тринагла, Маџари 1 и 2, Хиподром и Ченто.

Општина Гази Баба апелира до сите граѓани да го почитуваат комуналниот ред со цел зачувување на животната средина.

Петнаесет сезонски работници се ангажирани за одржување на зеленилото и хигиената во општина Гази Баба, за временски период од 3 месеци. Активноста е реализирана како резултат на партнерскиот проект на општина Гази Баба и Министерството за локална самоуправа и програмата на Владата на Република Македонија за вработување на невработени лица за извршување на јавни работи.

Лицата извршуваат редовни активности за одржување на зелените површини предвидена во годишната програма на Ј.П. "Паркови и зеленило". Покрај ова, општина Гази Баба интервентно ги ангажира и на местата кои не се опфатени со годишната програма за редовно одржување.



Во населбите Железара и Автокоманда, општина Гази Баба започна со крпење на ударните дупки. Ќе се интервенира на околу 15-тина улици во овие населби, а изведувач на работите е Ј.П. "Улици и патишта".

Крпење на улиците е започнато и во населените места Јурумлери, Колонија, Идризово и Скопско Поле, а работите ги изведува фирмата "Изолација". Во овие населени места ќе се интервенира на сите прекопи и оштетувања на коловозот.

ВО ПОЛИКЛИНИКАТА „М.А.ЧЕНТО“

# Пункт за итна медицинска помош

Во рамките на поликлиниката "М.А.Ченто" во општина Гази Баба, од пред извесно време, покрај досегашните служби, започна да функционира и пункт за итна медицинска помош. Оваа здравствена услуга во иднина ќе им биде 24 часа достапна на граѓаните од општините Гази Баба, Арачиново, Илинден и Петровец, каде што гравитираат околу 130 илјади жители.

-Досега жителите на овие четири општини ги користеа услугите на пунктовите што се наоѓаат во поликлиниката Јане Сандански, Чаир и Букурешт. Сега за првпат жителите за многу пократко време ќе добијат медицинска помош, а времето на реализирање на услугата многукратно ќе се намали. Во прво време, 24 часа на располагање на граѓаните ќе биде само една служба составена од доктор, медицинска сестра, возач и диспечер. За нив е обезбедено и едно возило, но за кратко време се очекува да имаме уште една служба, објаснува д-р Џевџет шакири, управител на поликлиниката "М. А. Ченто".

Тој додава дека дисперзијата на овие пунктови, на повеќе локации во градот е во прилог на граѓаните кои од друга страна добиваат побрза и поквалитетна услуга.

Инаку, реконструкцијата на просториите во кои ќе биде сместен пунктот, според Шакири чинеше околу 8 илјади евра. Неговото пуштање во употреба е изаршено во присуство на Министерот за здравство Имер Селмани, а како што вели д-р Шакири, проектот е реализиран за кратко време благодарение на директорот на јаната здравствена установа "Здравствениот дом Скопје" и со поддршка на градоначалниците на Гази Баба, на Арачиново и на повеќе бизнисмени.








# Канцеларија за комуникација со граѓаните

Канцеларијата за комуникација со граѓаните во општина Гази Баба функционира од 2005 година, а има за цел навремено, точно, професионално и ефикасно информирање на граѓаните за работата на локалната власт, односно оваа канцеларија е мост помеѓу локалната власт и граѓаните каде тие се информираат за активностите на општината, за прашања што се важни за нив или пак за да побараат помош за разрешување за некој проблем од секојдневното живеење. Сето тоа го евидентираме, ажурираме и го пренесуваме до надлежните служби во општината како и до градоначалникот г-дин Коце Трајановски.

Соодветно на социјално-економската состојба во која се наоѓа нашата држава, веќе подолго време граѓаните најмногу се обраќаат за вработување. Иако за овој проблем надлежна е Агенцијата за вработување, сепак општина Гази Баба активно учествува во креирање и спроведување на политика за вработување, преку реализирање на проекти за вработување во партнерство со владини и невладини институции.

Во тек е реализација на проектот Одржување на јавни зелени површини преку ангажиарње на долгорочно невработени лица, во соработка со Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање и Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Исто така, веќе две години по ред успешно ги реализиравме проектите ЕМИ 1 и ЕМИ 2 "Посредување при вработување на млади невработени", подржан од Владата на Кралството Норвешка и Владата на Република Македонија, а имплементиран од УНДП.

Голем број граѓани доаѓаат за да се информираат за правото и условите за користење на социјална помош, но за тоа надлежна е Подрачната Единица на Меѓуопштинскиот центар за социјална заштита која се наоѓа во барака број три.

За да ја олесниме комуникацијата со граѓаните, ги активиравме Урбаните и Месни заедници, преку кои најдиректно дознаваме за потребите и проблемите на граѓаните, како што се: комунални, еколошки, имотно-правни проблеми, просторно и урбанистичко планирање и сл, а кои ни се репер за планирање на активностите на општина Гази Баба

Канцеларијата за комуникација со граѓаните и во иднина ќе продолжи со својата работа, останувме отворени за предлози, поплаки и информации на граѓаните.

Сите граѓани се добредојдени секој работен ден од 8.30-16.30 часот, во барака број 5.

# 1,5 милиони денари за поплавените од Ченто

Општина Гази Баба ќе обештети 630 семејства од населбата Ченто, чии домови настрадаа во поплавите минатото лето. Жителите ќе поделат 1,5 милиони денари со кои ќе се санираат дел од штетите што ги направи водената стихија. Се чека од град Скопје, според ветувањето, да издвои средства за обештетување.

Поројните дождови во јули и август минатата година поплавија стотици куќи во населба Ченто и селото Инџиково. Најмногу настрадаа пониските делови во овој реон кои се мачат со проблемот при секој поголем дожд.

- Комисија што беше формирана за ланските поплави, направи проценка на последиците и врз основа на записникот ќе се одредува висината на обештетувањето. Се надеваме дека и градските власти и државата ќе одвојат пари за настраданите, но не само за санирање на штетите, туку да помогнат и во изнаоѓањето на трајно решение за атмосферските води во Ченто.

Борбата на чентовци со дождовите трае веќе 40 години. Токму толку чекаат да се изгради канализација која ќе ги собира водите. Мувлосаните ѕидови во нивните куќи најсликовито сведочат за силината на надојдената вода. Постои страв дека и годинава ќе ги снајде истото.

Жителите од Ченто преку Советот на град Скопје побараа градските власти итно да реагираат за да се спречи елементарна непогода од поголеми размери при евентуални нови поплави. Но, единствениот одговор што го добија е да се стрпат зашто градската каса била празна.



Во Генералниот урбанистички план на град Скопје е предвиден главен канализациски канал за атмосферски води, кој ќе поминува низ Ченто и Инџиково и ќе води до Трубарево, каде ќе се слева во Вардар. Експертите уште одамна предупредиле дека овој дел на скопската котлина е понизок од коритото на Вардар, што е главна причина за поплавите. Градоначалникот Костовски лани најави дека проблемот ќе го решава со пари од државата и од европските фондови, бидејќи Градот нема средства за крупни инвестиции.

Неадекватниот третман на атмосферските води во ова подрачје од Гази Баба е третиран и во ЛЕАП-от што го изработи Општината. Во Студијата се вели дека главен причинтел за поплавите се нефункционалните одводни канали, чија вкупна должина изнесува 60 километри.

- Мрежата е во катастрофално лоша состојба. Повеќе од 70 отсто од каналите не функционираат. Обраснати се со вегетација и затрупани со комунален и цврст отпад. Дел од каналите се целосно затрупани, особено крај улиците и влезовите во дворовите. Заради ваквата состојба, во Ченто, Сингелиќ, Инџиково, Идризово и Јурумлери, при обилни врнежи доаѓа до чести поплавувања - се вели во ЛЕАП-от.

Со оглед на тоа што проблемот со атмосферските води зафаќа голема територија, општините Илинден, Гази Баба, Петровец и Арачиново склучија Спогодба за изградба на регионален сепаратен канализационен систем за прифаќање на фекалните и атмосферските отпадни води од загрозените подрачја.



ЌЕ СЕ САНИРААТ ЛАНСКИТЕ ШТЕТИ ОД ПОПЛАВИТЕ





ИСПИТУВАЊА НА ЗАВОДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА



Од земените шест примероци, анализите на Заводот за здравствена заштита покажуваат дека физичко-хемискиот состав на водата во Идризово, Колонија Идризово и Нова Колонија не ги задоволува критериумите на чиста вода за пиење, а една мостра не одговара и на микробиолошките критериуми за здрава вода за пиење.

# Неисправна вода за пиење од индивидуалните бунари

Последните испитувања што ги направи Заводот за здравствена заштита Скопје, покажаа дека водата од чешмите и бунарите во населбите Идризово, Колонија Идризово и Нова Колонија е неисправна. Мострите од водата кои беа земени од бунари во дел од Скопско Поле, покажаа дека има зголемено присуство на бактеријата стрептокока која е од фекално потекло, со што строго се забранува пиење на водата од овој регион. Од земените шест примероци, анализите на Заводот за заштита се дека физичко- хемискиот состав на водата е неисправен, а една мостра не одговара дури и на микробиолошките критериуми за здрава вода за пиење. Општина Гази Баба апелира до жителите од населбите Идризово, Колонија- Идризово и Нова Колонија да се приклучат на новиот регионален водовод, кој со донација на Јапонската Влада минатата година беше пуштен во употреба.

Со приклучокот на регионалниот водовод, ќе се избегне опасноста од појава на болести, а жителите ќе пијат здрава и квалитетна вода. Приклучокот за едно семејство е 12 . 000 денари на шест месечни рати по 2.000 денари месечно. Посебен апел општина Гази Баба испраќа до жителите на Колонија, каде одзивот за приклучоци е најмал. Во Колонија се користи вода за пиење од стари и дотраени бунари, а досега ни едно семејство не се приклучило на новиот водовод. Од вкупно 1.600 приклучоци колку што треба да има во сите четири населени места, договори за приклучок имаат само 500 семејства.

ПРЕНЕСУВАЊЕ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ

# Културните домови треба трајно да останат во раце на Гази Баба



Општина Гази Баба ги бара на трајно користење културните Домови, што ги доби на управување од градските власти, а не на десетгодишен закуп како што одлучи Советот на Град Скопје. Домовите во Ченто, Автокоманда и Колонија Идризово прејдоа во надлежност на Гази Баба, но периодот од 10 години, според Општината, е прекраток за да се инвестираат големи пари и вложеното да се врати.

Во Информацијата за состојбата со културните домови, која минатиот месец се најде пред советниците на општина Гази Баба, констатирано е дека само за реновирање на објектите потребни се над 500.000 евра.

- Домот "11 Октомври" во населба Ченто е во целосно руинирана состојба, без врати и прозорци. Од вкупно 915 квадратни метри, во функција се само две простории во приземјето. Во едната работи библиотеката "Коле Неделковски", а во другата Здружението на пензионери-инвалиди. Стручни лица проценија дека за реконструкција на подрумот, приземјето и катот треба да се обезбедат 420.000 евра. Домот на културата во Идризово е сочуван од поголеми оштетувања бидејќи се користи и за комерцијални дејности, а објектот "Димитар Влахов" во Автокоманда се уште е во функција, но поради мошне лошите услови КУД "Јонче Христовски" таму веќе не одржува проби. Во него остана уште аматерскиот театар "Чекори", а за да се оспособи објектот потребни се околу 100.000 евра - се вели во Информацијата.

За да се зајакне културната соработка помеѓу општините и да се развие културниот живот, Град Скопје одлучи клоновите на "Кочо Рацин" да ги даде на користење на општините. Одлуката беше последица и на очајната финансиска состојба во која се наоѓа Градот. Бидејќи нема пари за одржување, на овој начин се ослободи од објекти во кои треба многу да се вложи, а не остваруваат приходи за градската каса.

Членовите на советот на општина Гази Баба велат дека вистинската функција на објектите може да се врати само ако домовите бидат отстапени на 30-годишно или трајно користење.

- 10 години е прекраток период за да се исплати инвестицијата. Ние сме подготвени да ги преземеме објектите, но Градот мора да ни дозволи тоа да биде за подолго и во договорот за закуп да допушти и давање на домовите под концесија. Иако културната дејност на овие објекти треба да биде примарна, сепак треба да се дозволи издавање на дел од просторот што би носело приходи, е ставот на советниците.



Новите генерации продолжуваат да го живеат животот во мирната и урбана скопска населба, која постојано ја разубавува својата надворешност преку изградбата и осовременувањето, притоа не губејќи го сопствениот маалски дух, кој го карактеризираат елементите на силни пријателски врски, меѓусебна поврзаност и искрена љубов кон пошироката локална заедница.



# Пратеник од на

Млад, скромен и умерен. Вака накратко оние што го познаваат можат да го опишат дваесет и седум годишниот Александар Спасеновски, пратеник во Собранието на РМ. Тој е жител на населбата "Методија Андонов Ченто" во општината Гази Баба, но своето образование го започнал во основното училиште "Св. Кирил и Методиј", во населбата Центар. По завршувањето на гимназијата "Јосип Броз Тито," својот образовен пат го продолжил на правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, каде во мај годинава и магистрирал на областа "меѓународно право и политика". Почетоците во партијата ВМРО-ДПМНЕ ги врзува со ангажманите во младинската организација, но поактивно со политиката започнува да се занимава во периодот кога ги привршувал студиите на Правниот факултет. Паралелно со политичките ангажмани тој бил ангажиран на Правниот факултет, на почетокот како демонстратор, а подоцна како помлад асистент по предметите од правно-политичката област. Како што самиот вели, активностите во Собранието, каде членува и во Комисијата за политички систем и за европски прашања, ги доживува како очекуван спој помеѓу својата теоретска наобразба и идеолошка определеност од една страна и можноста за практична работа од друга страна. Притоа додава, секогаш може да ја искористи теоријата во праксата, меѓутоа и да се научи од самата пракса, со оглед дека институцијата Собрание претставува еден од носечките лостови на власта во нашата држава, место каде се носат најважните политички одлуки.

**Што Ве врзува за општина Гази Баба и населбата во која живеете?**

За оштината Гази Баба, односно за населбата Ченто ме врзуваат многу важни настани од мојот живот. Тука се родив, израснав и стекнував пријателства. Тука се градев како личност и ја јакнев љубовта кон мојата населба. Конечно, тука почнав да се интересирам за политиката и станав пратеник. Оттаму и денес, кога заради квантитетот и квалитетот на ангажманите во Собранието во попладневните и вечерните часови или за време на деновите од викендот шетам низ населбата, во разговорите со моите сограѓани, сфаќам дека новите генерации продолжуваат да го живеат животот во

# АЛЕКСАНДАР СПАСЕНОВСКИ,
## ЧЛЕН НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# шето соседство

мирната и урбана скопска населба, која постојано ја разубавува својата надворешност (преку изградбата, осовременувањето и одржувањето на Паркот кај споменикот на "МА Ченто", како и други проекти), не губејќи го сопствениот маалски дух, кој го карактеризираат елементите на силни пријателски врски, меѓусебна поврзаност и искрена љубов кон поширокота локална заедница.

**Каква е Вашата соработка со граѓаните на Гази Баба и дали и за што бараат помош од вас?**

Граѓаните во населбата Ченто во општината Гази Баба, или во кој и да е град во државата, генерално имаат слични проблеми, кои воопшто не се мали ниту неважни. Во основа тие се поврзани со решавањето на дел од прашањата поврзани со нивниот економско-социјален статус. Често пати, проблемите кои ги имаат нашите граѓани не се толку големи и значајни во смисол на нивна практична реализација. Затоа, се случува за одредена дилема која тие ја имаат подолг период, да успееме да најдеме решение за релативно кратко време. Од друга страна, пак, поучен од искуството изминатите седум-осум месеци, сфатив дека нашите граѓани се задоволни кога институциите на системот покажуваат заинтересираност за нивните проблеми. Сепак, можеби ќе звучи нескромно, но во мојата населба забележувам дека моите соседи се поретко имаат проблеми поврзани со инфраструктурата и урбанизмот, што како заклучок би значело дека покажуваат задоволство од начинот на работата на општинската администрација и од градоначалникот Коце Трајановски.

**Каква е Вашата соработка со локалните власти и како пратеник како можете да и помогнете на општината?**

Соработката со општинските власти е на високо ниво. Често се среќавам со градоначалникот Трајановски и дискутираме за проблемите со кои се соочува државата, градот и општината. Во контекст на мојот ангажман во Собранието, се обидуваме да изнајдеме начини како одредени проблеми кои ги мачат нашите сограѓани и соседи, а и нас самите побрзо да се решат. Оттаму, независно од се, убеден сум дека единствено преку перманентност во

залагањата може да се совладаат препреките кои ни се исправаат во нашата работа.

**Што би измениле во општината и на што сметате дека треба да се обрне особено внимание?**

Гази Баба е исто толку урбана, колку што е и рурална општина. Затоа, имајќи ги предвид различностите на проблемите со кои се соочуваат нашите населби и нашите села, сметам дека администрацијата има далеку потешка и поодговорна задача за разлика од администрацијата во некои други единици на локалната самоуправа. Оттаму, во општа смисла, би бил среќен доколку нашата општинска администрација и во иднина - како што тоа го правеше во минатото и го прави во сегашноста - засилено се ангажира во насока на изедначувањето на инфраструктурните и урбанистичките услови за живеење и за работа и на населбите и на селата во нашата општина. Конкретно пак, ќе бидам среќен доколку на просторот во паркот на улицата Финска, сите заедно помогнеме - кој колку може - да се изгради Црквата и да се уреди просторот околу неа.

**Најголем дел од Вашето време го поминувате во парламентот. Кој е Вашиот приоритет и за што се залагате, а што Ви пречи?**

Со оглед на амбициозната програма на Владата, овој состав на Собранието на РМ веројатно ќе остане запаметен како состав во кој се одржуваат најголем број седници. Имено, од верификацијата на нашите мандати до денес, скоро секојдневно имаме седници на кои се разгледуваат суштински проекти, кои треба да го осовременат животот на нашите граѓани. Во меѓувреме пак, се обидуваме да одговориме и на другите наши обврски особено во комисиите во кои членуваме, како и да најдеме простор за контакти со граѓаните. Во таа смисла, за време на работатата во парламентот, ќе бидам задоволен доколку со колегите го продолжиме претходно започнатиот процес на внесување нов дух на политички натпревар, со што Собранието ќе прерасне во вистински простор каде се афирмираат идеи, се судираат концептите и во демократска расправа се филтрираат решенијата.

**Дали покрај бројните обврски Ви останува време за хоби и дружење со пријателите?**

За време на викендите кога немам обврски поврзани со работата се дружам со старите маалски пријатели. Тогаш, разговараме за обични нешта кои се дел од нашиот живот како млади луѓе. Исто така, уживам да пешачам низ населбата, особено во вечерните часови, да разговарам со моите родители или со семејството на брат ми, а понекогаш одам на Водно, планинарам на некоја од планините во државата или ги посетувам пријателите монаси во манастирот "Свети Јован Крстител" крај Дебар. Уживам и да читам, најчесто литература од областа на политичкиот систем, меѓународното право и меѓународната политика.

**Дали имате поддршка од најблиските во Вашиот ангажман како пратеник?**

Без поддршката од најблиските, дури и најмалите потешкотии нема да можеме да ги совладаме. Семејството и пријателите се точката од која почнува и завршува се. Со нив ги споделуваме успесите и дискутираме за проблемите. Тие - иако денес тоа звучи помалку фолклорно - ја даваат најголемата жртва, се нашите најискрени поддржувачи, но и најголемите критичари. Оттаму, среќен сум што луѓето кои ме опкружуваат и ги опкружувам, имаат разбирање и манифестираат голема поддршка за моите отсуства, немањето слободно време и посветеноста на другите нешта.

**Што би им порачале на своите сограѓани, на младите на општина Гази Баба и воопшто на читателите на нашиот весник?**

На моите сограѓани, особено на оние од помладата генерација во која се вбројувам и самиот, би им порачал да имаат силна верба во себе, во својата држава и во својот народ, да се образуваат и да не отстапуваат од своите идеали, бидејќи единствено преку целосна посветеност и најтешките предизвици можат да се совладуваат.



ИНТЕРВЈУ СО БЛАГИЦА СТАНКОВСКА, ДИРЕКТОР НА ОУ „ДАНЕ КРАПЧЕВ“

# "Дане Крапчев" да прерасне во модерна и современа образовна установа

**Процесот на децентрализација во голема мера влијаеше врз образовниот процес. Како се почувствува оваа промена во основните училишта?**

- Процесот на децентрализација во голема мера ни беше олеснет преку комуникацијата со Општината. Училиштата секојдневно комуницираа со локалната самоуправа и навремено ги изнесуваа своите проблеми од тековното работење.

**Според Вашето искуство последнава година, ОУ "Дане Крапчев" подобро функционираше под директна надлежност на централната власт, односно Министерството за образование, или сега под капата на општина Гази Баба?**

-Досегашното искуство говори дека ОУ "Дане Крапчев" подобро функционира откако е под надлежност на општината Гази Баба. Знаеме дека одржувањето на училиштата последниве десетина години беше запоставено, па и нерешените проблеми во училиштата само се зголемуваа. Но, со постапно решавање на проблемите, се надеваме дека во најскоро време ќе ги надминеме барем оние што се од фундаментално значење за нормалното одвивање на воспитно-образовниот процес. Така, во нашето училиште во учебната 2006/07 се решени два многу големи проблеми со кои се соочувавме - затоплувањето и пристапот до училишната зграда.

**Со какви проблеми се соочува вашето училиште во секојдневното одржување на наставата?**

- Нашето училиште во секојдневното одржување на наставата се соочува со неколку тешкотии. Наставата ја попречуваат надворешни лица, објектот не е заштите од обивање и кражби, имаме недостиг на училници и финансиски средства за одржување на училишната зграда, а проблем е и тоа што немаме фонд на учебници за социјално-загрозените семејства.

**Каква Ви е соработката со градоначалникот Коце Трајановски, има ли општина Гази Баба разбирање за вашите проблеми и барања?**

- Соработката со градоначалникот Коце Трајановски е постојана и навремена, а општината Гази Баба има разбирање за нашите проблеми и барања и ни помага во нивно надминување и разрешување. За секој проблем кој се однесува на воспитно-образовната работа се договараме со советникот за образование Елизабета Анчевска и заеднички изнаоѓаме стратегии. За било каква дилема во секое време можеме да се консултираме и да побараме совет од неа. Но, стручните лица од Општината ни се достапни и за проблеми и од други области.

**Што му недостига на училиштето за да прерасне во една модерна и современа образовна установа?**

За да прерасне нашето училиште во една модерна и современа образовна установа, потребни ни се нови наставни средства и помагала, библиотека со популарни и лектирни изданија, медијатека, стручна литература и усовршување на наставниот кадар.

**Може ли да се присетите на поранешни ученици од ова училиште кои сега се видни, докажани и почитувани личности во општеството?**

- Како поранешни ученици од ова училиште кои се сега видни, докажани и почитувани личности во општеството би ги спомenала Теодора Раптис (пливач маратонец), Михаил Парушев (музичар во "Леб и сол"), Мимоза Николовска (менаџер во "Шанел"), Елена Младеновска-Јеленковиќ (менаџер во Т-Мобиле), Маја Илиевска (асистент на советникот во кабинетот на претседателот Бранко Црвенковски), Владимир Пешевски (менаџер во "Сеаф Македонија"), Дејан Стефановски (шахист) и асистентот на Земјоделскиот факултет, Иле Цанев. Сигурно има уште многу други за кои немаме информации.

**Споменете некои успеси на учениците од "Дане Крапчев" постигнати на државни или меѓународни натпревари.**

- Успеси на учениците од ОУ "Дане Крапчев" постигнати на државни и меѓународни натпревари:

| год. | Наставен предмет | Републички натпревар | Конкурси и смотри | Меѓународен натпревар |
|---|---|---|---|---|
| 78/79 | Математика | II – екипно | | |
| 79/80 | Оркестар | | II- републички | |
| 80/81<br>91/92 | Оркестар<br>Физика | Пофалница | I- републички | |
| 1995/96 | Физика | II пофалница | | |
| | Математика<br>Географија | III<br>I<br>III- 2 ученика | | |
| 96/97 | Математика | III | | |
| 98/99 | Оркестар | | II -републички | |
| 99/00 | Македонски јазик | | I –реп п.п.сојуз | |
| 00/01 | Математика | II пофалница | | |
| | Географија | II | | |
| 2001/02 | Математика | II<br>III – 2 ученика | Државна олимпијада пофалница | |
| | Географија | I | | |
| 2002/03 | Математика | Пофалница | | |
| | Македонски јазик | Пласман-рецитатори | | |
| | Географија | I | | |
| | Физичко-ракомет | III - женски | | |
| 03/04 | Географија | I | | |
| | Физичко-ракомет | II - женски | | |
| 04/05 | Физичко- | I - женски | | |
| | Физичко-фудбал | IV | | |
| 2005/06 | Математика | | | Кенгур II – 2 ученика |
| | Ликовно образ. | | | II |
| 2006/07 | Физичко- | III | | |
| | Оркестар<br>Ликовно | I | | <br>II – 2 |
| | Македонски јазик | I | | |



Името на денешната Општина потекнува од периодот на турското владеење и е поврзано со турбето - гробницата на Гази Баба, односно Ашик Челеби, истакната личност од културната историја на Турција од 16 век. На просторот каде се наоѓало турбето, односно изѕиданата гробница на Гази Баба, претходно, а и потоа, се наоѓале христијански гробишта. Подоцна и муслиманите започнале на ова место да ги погребуваат своите покојници, а поради турбето на Гази Баба, ова место станало свето за Турците муслимани.

Во турбето, како што кажавме, бил погребан еден од првите османлиски литерати и поет Ашик Челеби, на кого вистинското име му било Мехмед Али ел-Ната. Тој, благодарение на своите летературни творби посветени на големиот везир Мехмед паша Соколу, бил наименуван за скопски кадија. Делото на Гази Баба, како кадија, научник и поет, за биографиите на поетите претставувало првостепен извор за историјата на средновековната турска литература, а познат бил и по своите преводи од арапски јазик на преку 40 хадиси, потоа по делото "Поетско писмо посветено на султанот" и друго. Гази Баба умрел меѓу 8 и 16 јануари 1572 година на дол-



# Од каде потекнува името

жноста кадија на Скопје, а според Е. Челебија, бил погребан во теќето на Локман Хеким. Од споменатото теќе денес не се зачувани никакви остатоци. Старото турбе, односно гробницата на Гази Баба еднаш била целосно опожарена, по што во 19 век било изградено ново од страна на познатиот Хаџи Галиб - бег. Новото турбе било осумстрано од типот на затворените турбиња со купола, а градено било од тула и измалтерисано. На него бил поставен и натпис: "И газија сум, и кадија сум и шејх сум од пратениковата лоза Махмед-ефендија". Поради важноста на Ашик Челеби за турската историја, неговиот гроб бил почитуван од народот и многу посетуван, а целата месност била наречена во негова чест - Гази Баба. За чувањето и одржувањето на турбето се грижел посебен чувар-турбедар.

Инаку, остатоците на турбето на Гази Баба и денес се наоѓаат на самиот врв од ридот Гази Баба. Турбето било урнато за време на земјотресот во 1963 година. Своевремено, тоа било во составот на еден од најголемите и најстарите комплекси на муслиманските гробишта во Скопје лоцирани на овој рид, а кои биле уништени некаде во 1955 година.




# на општината Гази Баба







# Ликовна манифеста


I место
Емилија Ефремовска
О.У. „Стив Наумов“


II место
Стефан Јовановски
О.У. „Григор Прличев“


III место
Симона Костовска, О.У. „Наум Охридски“

Традиционално и оваа година општина Гази Баба ја организира ликовната манифестација во населеното место Виниче. Манифестацијата се одржа во црквата "Св. Илија" на која учество земаа ученици од основните училишта од општината, како и гости од соседните општини Илинден, Петровец и Бутел. Учество земаа околу 100 ученици.

**Манифестацијата беше од натпреварувачки карактер а наградите ги освоија:**

Емилија Ефремовска
О.У. "Стив Наумов"
Стефан Јовановски
О.У. "Григор Прличев"
Симона Костовска
О.У. "Наум Охридски"

**Специјани награди добија:**

Марија Ристовска О.У. "Наум Наумовски Борче", за изработка од глина
Јана Чагоревиќ О.У. "Ацо Шопов" општина Бутел
Ивана Димитриевска О.У. "Братсво - Единство" општина Петровец


Ивана Димитриевска
О.У. „Братсво - Единство“ општина Петровец


Јана Чагоревиќ, О.У. „Ацо Шопов“, општина Бутел


Марија Ристовска
О.У. „Наум Наумовски Борче“,
за изработка од глина





# ција "Виниче 2007"

ИНТЕРВЈУ СО ТОНИ ИВАНОВСКИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УРБАНА ЗАЕДНИЦА МАЏАРИ 1

# Се стремиме кон богат културен живот на младите

**Како претседател на урбаната заедница Маџари 1 , како го оценувате работењето на вашата урбаната заедница, но и за останатите на подрачјето на општина Гази Баба.**

Работењето во нашата урбана заедница до сега го оценувам како многу добро. Покренавме многу прашања кои долго време ги тиштеа жителите на заедницата. Голем дел од овие проблеми почнаа да се разрешуваат и се надеваме дека во текот на оваа година ќе се разрешат.

Во однос на работењето на останатите урбани заедници немам некое мислење, од причина што немам целосни сознанија за работата на урбаните заедници. Од контактите што ги имам со дел од Претседателите, мислам дека секаде има некое заедничко придвижување во сите урбани заедници. Инаку, имаме добра соработка со урбаните заедници: Триангла и Хиподром како територијално блиски и со заеднички проблеми .

**Кои се Вашите обврски како претседател на Урбаната заедница? Како соработувате со членовите на заедницата?**

Моите обврски како претседател на Урбаната заедница Маџари 1, се да ја следам состојбата во урбаната заедница од секој аспект, постојани контакти со граѓаните со цел да се дознаат проблемите кои ги мачат граѓаните и да се иницира нивно разрешување.

**Кои се плановите на урбаната заедница Маџари 1 за 2007-ма? Имате ли нови идеи за во иднина?**

По изборот, прва задача што ја поставивме беше изготвување на програма за работа. Во изготвувањето на програмата беа вклучени сите членови на Советот. Сметаме дека изготвивме добра програма за работа, која ги опфаќа сите проблеми на урбаната заедница. Еден од поголемите проблеми за нормално функционирање на урбаната заедница е проблемот со просториите. Потребно е темелно реновирање на истите, изградба на санитарен јазол и обнова на дел од инвентарот.

Нашите планови кон кои се стремиме во иднина е урбаната заедница Маџари 1 да ја направиме современо место за живеење, отворена кон граѓаните и повеќе ќе треба да обрнеме внимание на екологијата и заштитата на човековата околина, збогатување на културниот живот на граѓаните, посебно на младата популација.

**Каква е Вашата соработка со јавните претпријатија? Има ли проблеми?**

Соработката со јавните претпријатија можеме да ја оцениме како добра. Посебно од соработката со ЈП Водовод и Канализација санираве дел од проблемите околу Црпно пумпната станица Маџари. Одговорните од ова јавно претпријатие најдоа слух за проблемот и санираа поголем дел од пумпната станица.

Со останатите комунални претпријати имаме контакти и ги иницираме и лоцираме проблемите, меѓутоа реализацијата потешко оди.

**Кои се Вашите работни задачи, на што моментно сте насочени во урбаната заедница?**

Работните задачи во урбаната заедница ми се насочени кон постојани контакти со граѓаните, координирање на работата на Советот на урбаната зедница, координирање на работата на техничкиот секретар и слично.

Во моментот нашите активности се насочени кон изградбата на топловодната мрежа и приклучувањето на граѓаните на истата и разрешувањето на проблемите кои настануваат при изградбата на мрежата. Има проблеми, отежната е комуникацијата на граѓаните поради изградбата на топловодната мрежа, но граѓаните мора да се стрпат. Со оваа топловодна мрежа во населбата ќе се зголеми квалитетот на живеење.



Нашите планови во иднина се Урбаната Заедница Маџари 1 да ја направиме современо место за живеење, отворена кон граѓаните, а повеќе ќе треба да обрнеме внимание на екологијата и заштитата на човековата околина, збогатување на културниот живот на граѓаните, посебно на младата популација

**Како го оценувате работењето на месната заедница како нејзин претседател?**

За работењето на Советот на месната заедница Булачани можам да дадам позитивна оценката за досегашните ефекти од работењето. Сите избрани членови на Советот за првпат се сретнаа со ваква специфична проблематика, но факт е дека желбата за решавање на долгогодишните наталожени проблеми е голема. Во изминатиов период успеавме да ја изработиме и предадеме програмата за активности на МЗ за периодот 2006-2010 година. Во програмата ги опфативме повеЌето области од нашето живеење и се надеваме дека до крајот на нашиот мандат со помош на општината Гази Баба ќе успееме да реализираме голем дел од планираните активности.

**Кои се Вашите обврски како претседател на Месната заедница Булачани?**

Проблемите со кои се соочуваме се обидуваме што е можно побрзо да ги резрешиме или за нив да побараме помош од Општината.

Моите обврски како претседател на Месната заедница Булачани се постојаните контакти со жителите на населеното место, разрешување на настанатите проблеми како и контактите со општината и градоначалникот. Освен овие активности, редовно одржуваме и состаноци со советот на месната заедница.

**Како соработувате со членовите на заедницата и со општината?**

Собработката со членовите на заедницата во моментот е доста добра. Проблемите со кои се соочуваме се обидуваме што е можно побрзо да ги резрешиме или за нив да побараме помош од Општината. Во оваа насока сакам и да ја истакнам инзвонредната соработка со општината и градоначалникот.

**Кои се плановите на Месната заедница Булачани за оваа година?**

Нашите планови во моментот се насочени кон нашиот водовод, односно што побрзо да го реновираме. Нашата цел е во секое домаќинство да се ставаат водомери и жителите да добијат чиста вода за пиење, исто така и да се обезбеди доволно вода посебно во летниот период. Проблем во Булачани претставува и одводот кој исто така треба што побрзо да го решиме. Неасфалтираните улици се дел од проблемите, кои се надеваме дека во блиска иднина ке бидат разрешени.



## ИНТЕРВЈУ СО ВЛАДО АТАНАСОВСКИ
### ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА БУЛАЧАНИ

# Приоритет на Булачани е чиста и здрава вода за пиење




# Деца од Гази Баба одат

**Објаснете ја важноста на сообраќајната едукација на најмладите.**

- Во услови на брз и динамичен сообраќај, децата како најмлади и најнезаштитени учесници во сообраќајот, било да се во улога на пешаци или велосипедисти, се едни од најзагрозените учесници во сообраќајот и затоа сообраќајната едукација е најважен сегмент во изградбата на сообраќајната култура.

**Кој период од развојот на децата е најповолен за да се започне со сообраќајното образование?**

-Со децата треба уште од најрана возраст систематски да се работи. Најпрвин преку родителите, а потоа и низ воспитно образовниот процес треба да им се укажува на опасностите кои можат да настанат при нивно непрописно учество во сообраќајот, како и на правилата и прописите од областа на безбедност во сообраќајот.

**Освоивте прво место на градскиот натпревар "Детски семафор". Која е тајната на успехот и што тој значи за вас?**

- Всушност тајна и не постои. Се подготвувавме преку целата


Ана Марија Велиновска


Стефан Стојановски


Маријана Стојановска




Душко Стојановски



# да победат во Шпанија

година, создадовме еден компактен и сложен тим во кој дисциплината и напорното подготвување ни ги донесоа посакуваните први места на градските и републички натпревари.

**Имате ли резултати на државно ниво?**

- Како први на републичкиот натпревар одржан во Охрид на 25 и 26 мај 2007, само го потврдивме она што го најавивме на градскиот натпревар во Скопје.

**Децата од општина Гази Баба ќе ја претставуваат Македонија на меѓународен натпревар во Шпанија. Што очекувате и кои ќе бидат придобивките од ова искуство?**

-Три деца од вкупно четири колку што брои екипата која ќе ја претставува Република Македонија на меѓународниот натпревар во Мадрид, Шпанија се од општина Гази Баба, а едно е од Македонска Каменица. Познавајќи ги добро децата, начинот на кој размислуваат, квалитетот, упорноста што ја поседуваат и нивната голема желба за победа, успехот нема да изостане.



Андријана Јанковска



Велко Милошевски





Михаил Стојановски



ИНТЕРВЈУ СО

## ЕЉФЕТ ИСМАИЛИ

СОВЕТНИЧКА ОД ДПА



# Граѓаните бараат безбедност



**Како член на Советот на општина Гази Баба, како ја оценувате досегашната работа на ова тело?**

- Откако го добивме мандатот од граѓаните во 2005 година, како член на сегашниот Совет на општина Гази Баба сметам дека многу работи се подобрени, како што се отворените дискусии за сите прашања што се во интерес на граѓаните, конструктивноста и ефикасноста со која ги донесуваме одлуките, како и подобрувањето во инфраструктурата во рамките на можностите.

**Сметате ли дека постои меѓупартиска соработка во рамките на Советот која е неопходна за нормално функционирање на Општината?**

- Се што е во интерес на граѓаните е прифатливо, било да е на државно ниво или пак на локално ниво, соработката е неопходна.

**Дали сте подготвени да ги ставите настрана партиските интереси и да работите само во корист на граѓаните и решавањето на нивните проблеми?**

- Пред се ние сме партиски определени, што значи дека припаѓаме на одредена политичка партија и не би можела да кажам дека политичките цели би ги оставиле сосема на страна. Со самиот факт дека ние сме претставници на една одредена политичка партија и сме добиле мандат од граѓаните кои се членови или симпатизери на некоја опција, се подразбира дека треба да ги браниме и интересите на членовите и симпатизерите на таа политичка партија, но и на сите граѓани без разлика на политичката определеност. Сите народни избраници имаат една цел - да се залагаат за подобар живот на граѓаните.

**За што најмногу се жалат граѓаните од местото од кое бевте избрани за советник?**

- Како што голем дел од жителите на оваа држава беа незадоволни од настаните, случувањата и насоката кон која работите се одвиваа, така и граѓаните од мојот крај имаат проблеми и искажуваат незадоволство. Најголемата преокупација на жителите беше општата несигурност која преовладуваше веќе подолго време, како на пример, несигурноста да излезеш на улица или да го пратиш детето на училиште.

Нивните зборови беа: дајте ни сигурност и подобрете ни ги условите за живеење.

**Кои се, според вас, најголемите проблеми кои ги мачат жителите на општина Гази Баба?**

- Проблемите секогаш постоеле и понатаму ќе постојат. Сите ние заеднички треба да се залагаме нештата да се подобрат и да се решат, не смееме да дозволиме проблемите да се одолговлекуваат до бескрај.

Живееме во 21 век кога технологијата е во највисокиот степен на развиеноста и кога луѓето поради забава одат да ја посетат Месечината, но кај нас се уште нема елементарни услови за живеење. Немаме водоводна мрежа во селата, немаме канализација, немаме асфалтирани улици или пак постојните се во катастрофална состојба. Да не ги споменуваме и останатите работи кои се неопходни, а недостасуваат...

**Кои се предностите, а кои се лошите страни на нашата општина?**

- Предноста на нашата општина е што Советот на Општината функционира многу добро, односно советниците од опозицијата се конструктивни и добро соработуваат со колегите.

**Кои крупни проекти сметате дека треба да се реализираат до крајот на мандатот?**

- Сите проекти што се поврзани со инфраструктурата.



**Членови на Советот на општина Гази Баба**

| | |
|---|---|
| Кире Бузлиев<br>претседател на Советот | (ЛП) |
| Ратко Илиевски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Борис Јосифовски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Марјан Крстевски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Елизабета Спасовска | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Тони Трајковски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Вукашин Стојанов | (ЛП) |
| Аница Пупиноска | (СПМ) |
| Дејан Наумовски | (ДС) |
| Благојче Трпковски | (независен) |
| Слободан Лаковски | (ТМРО) |
| Ељфет Исмаили | (ДПА) |
| Хајредин Сулис | (ПДП) |
| Хамзи Исени | (НДП) |
| Живко Зафировски | (ВМРО-НП) |
| Зоран Јовевски | (ВМРО-НП) |
| Соња Каранџулоска | (независен - поддржана од ВМРО-НП) |
| Зоран Коцевски | (ВМРО-НП) |
| Кирил Псалтиров | (ВМРО-МАК) |
| Јасминка Георгиева | (СДСМ) |
| Радмила Кирковска | (СДСМ) |
| Горанчо Паунов | (СДСМ) |
| Миодраг Станојевиќ | (НСДП) |
| Орде Стефков | (СДСМ) |
| Зоран Стојанов | (ЛДП) |
| Ерхан Али | (НА) |
| Џемаил Хамити | (НА) |

# и поквалитетен живот



# ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ

Целокупната процедура за издавање на одобренија за новоградба (вклучително доградби и надградби) е составена од 4 засебни постапки:

1. Извод од план;
2. Решение за локациски услови;
3. Одобрение за градење и
4. Одобрение за употреба.

## I ИЗВОД ОД ПЛАН

**Се поднесува:**

**Барање за Извод од план** (готов формулар за поднесување на барањето се добива на **www.gazibaba.gov.m/e-obrasci** или во Општината, во Одделението за урбанизам);

Уплатница за уплатени административни такси на следната **жиро сметка** во висина од 550 денари (за парцели до 500 м$^2$) и 750,00 денари (за парцели над 500 м2);

- Поседовен лист или Имотен лист;
- Доколку има потреба копија од катастарски план.

Изводот се добива **во рок од 5 работни дена** по доставувањето на барањето во 3 идентични примероци.

## II ДОБИВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ЛОКАЦИСКИ УСЛОВИ

**Се поднесува:**

- **Барање за Решение за локациски услови** (готов формулар за поднесување на барањето се добива на **www.gazibaba.gov.m/e-obrasci** или во Општината, во Одделението за урбанизам),
- Уплатница за уплатени административни такси на следната **жиро сметка** (Општината Ве информира за висината на административните такси),
- **Извод од план** (оригинален примерок),
- **Доказ за стекнато право на градење** (Поседовен лист или Имотен лист и Документ со кој е стекната сопственост врз имотот),
- **Елаборат за нумерички податоци** (ги издава катастарот),
- **Идеен проект** за идната градба или **Урбанистички проект** (во случај кога согласно -урбанистичките-архитектонско услови на една парцела има повеќе површини за градење- комплекс од градби) во најмалку **2 примероци,** изработен од овластена проектантска фирма.

Доколку се утврди дека на градежната парцела постојат нерасчистени имотно-правни односи во однос на сопственоста на земјиштето и доколку доставениот Идеен проект или Урбанистички проект не е во согласност со ДУП-от (издадениот Извод), постапката **се запира** и барателот се упатува да ги разреши имотно-правните односи, односно да ја усогласи проектната документација со ДУП-от.

Доколку приложените докази се комплетни и уредни, се изготвува **Решение за локациски услови и се заверува Идејниот проект или Урбанистичкиот проект.**

**Решението за локациски услови важи <u>една година</u> од денот на неговата правосилност,** за кое време барателот треба да обезбеди Одобрение за градење.

## III ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ

Одобрението за градење може да се однесува на цела градба, дел или делови од градба (во зависност од тоа дали се работи за новоградба, доградба/надградба или реконструкција.

**Се поднесува:**

- **Барање за Одобрение за градење** (готов формулар за поднесување на барањето се добива на www.gazibaba.gov.m/e-obrasci или во Општината, во Одделението за урбанизам),
- Уплатници за уплатени административни такси на следната **жиро сметка** (Општината Ве информира за висината на административните такси),
- **Решение за локациски услови** (оригинален примерок не постар од една година),
- **Заверен Идеен проект** или **Урбанистички проект** (оригинален примерок),
- Комплетен **Основен проект,** со сите фази, во најмалку **4 примероци,** изработен од овластена проектантска фирма,
- Комплетна **ревизија на Основниот проект,** се однесува на сите фази, доставена во 1 примерок;

- Писмен извештај и согласнот за извршената и согласност за извршената нострификација доколку проектот е изработен во странство,
- Одобрена студија за оценка на влијанието на проектот врз животната средина (во зависност од видот на објектот), и
- Одобрена студија со позитивна оценка на остварениот квалитет на сеизмичка заштита на објектот.

Во текот на постапката градителот и Одделението за урбанизам во Општина Гази Баба (по службена должност) обезбедуваат:

- **Протокол**-акт за регулациона, градежна и нивелациона линија со определување на површина за изградба (се издава во Општина Гази Баба);
- Енергетска согласност (се добива од АД ЕСМ, Електродистрибуција- Скопје)
- Доказ за платени комуналии (за објект во градско подрачје, а се регулираат во Одделението за уредување и употреба на градежно земјиште);
- Согласност од други институции во зависност од категоријата на објектот, како:
  - Согласност на елеборат за заштита од пожари;
  - Согласност од надлежна институција за заштита на градителско наследство (од Управа за заштита на градителско наследство);
  - Согласност на елаборат за сообракај и др.

Пред да се издаде Одобрението за градење, барателот е должен да плати надоместок за финансирање на изработка на Просторниот план на Републиката и урбанистичките планови во износ од 0,3 % од просечната плата во Републиката од претходната година, по метар квадратен од површината за градење согласно Основниот проект за изградба на новаградба и доградба на постојна градба, на следната **жиро сметка.**

Потоа градителот треба да изврши и уплата на административни такси за изготвувување на Протоколот и изготвување на Одобрението за градење, во вредност определена во Тарифникот за административни такси од Законот за административни такси, на следната **жиро сметка.**

Готовото Одобрение за градење се издава во **4 примероци** заедно со **3 примероци заверен Основен проект.**

**Одобрението за градење престанува да важи доколку не се отпочне со градба во рок од две години од денот на правосилноста на истото.**

Доколку во текот на изградбата се случиле измени со кои не се отстапува од условите за градење предвидени со ДУП-от, односно од издаденото Решение за локациски услови, градителот доставува **Барање за дополнување на дел од Основниот проект,** како анекс на Основниот проект, со прилози (потврди, согласности и др.) кои произлегуваат од карактерот на измената.

**Анексот на Основниот проект се заверува и по потреба се издава дополнително Одобрение кое е составен дел на веќе издаденото Одобрение за градење.**

**Градителот, односно неговиот следбеник, трајно да ја чува проектната документација и издаденото Одобрение за градење.**

## IV ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА УПОТРЕБА

Одобрението за употреба може да се однесува на цела градба, дел или делови од градба (во зависност од тоа дали се работи за новоградба, доградба/надградба или реконструкција.

**Се поднесува:**

- **Барање за Одобрение за употреба** (готов формулар за поднесување на барањето се добива на www.gazibaba.gov.m/e-obrasci или во Општината, во Одделението за урбанизам),
- Уплатница за уплатени административни такси во висина од 1.700,00 денари на следната **жиро сметка,**
- Проект за изведена состојба, заверен Основен проект и изададено Одобрение за градење;
- Докази за исплата на извршените работи на учесниците во изградбата;
- Писмен извештај од изведувачот за изведените работи;
- Завршен извештај од надзорниот инженер за извршениот надзор.

**По приемот на Барањето за издавање Одобрение за употреба со комплетираните прилози, Општината формира Комисија која го врши техничкиот прием на објектот.**

Комисијата која го врши техничкиот прием на објектот утврдува дека градбата е изградена во согласност со Основниот проект и Проектот на изведена состојба, составува записник во кој констатира дали градбата може да се употребува или има недостатоци кои во определен рок треба да се отстранат.

По уредно извршениот технички прием на градбата, истиот се потврдува со записник со кој се констатира дека градбата може да се даде во употреба и Општината го издава **Одобрението за употреба.**

## ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРЕНАМЕНА

Одобрение за адаптација со пренамена се издава за пренамена од станбен во деловен протор, или обратно, може да се издаде само за стан, дел од стан, повеќе станови, помошна просторија или заедничка просторија до **1-ви кат висина.**

При тоа се доставуваат и следните прилози:
- **Барање за Одобрение за адаптација-пренамена** (готов формулар за поднесување на барањето се добива на www.gazibaba.gov.m/e-obrasci или во Општината, во Одделението за урбанизам),
- Уплатница за уплатени за административни такси на следната **жиро сметка** (Општината Ве информира за висината на административните такси),
- Доказ за право на сопственост на стан, дел од стан, помошна просторија во станбен објект што се пренаменува: **Поседовен лист, Имотен лист** и копија од катастарски план (за индивидуален станбен објект);
- **Согласност од мнозинството сопственици** на становите, односно деловните простории во објектот, т.е. дел од објектот;
- **Основен проект** за постојната состојба и предвидената пренамена во **4 примероци.**
- Ревизија на основниот проект за адаптација-пренамена (само во случаи кога со адптацијата-пренамената е предвидена реконструкција на конструктивни елементи).

По извршувањето на увид на лице место во просторот кој е предмет на пренамена (во присуство на барателот) и оцена на доставените прилози, се врши заврека на Основниот проект. Со заверениот Основен проект барателот обезбедува:
- доказ за регулиран надоместок за регулирање на градежно земјиште (доплата на разликата на комуналии во Одделението за уредување и употреба на градежно земјиште во Град Скопје);
- согласност од Управата за заштита на културното наследство (доколку објектот е споменик на културата);
- согласност за заштита од пожари и други согласности кои произлегуваат од намената.

Законот забранува градителот да изврши реконструкција на конструктивните елементи на градбата без Основен проект. Исто така законот забранува изведувачот да изведува работи спротивно на Основниот проект, со што се нарушува механичката отпорност, стабилност и сеизмичката заштита на заедничкиот станбен објект.

По комплетирње на наведените докази се изготвува **Одобрението за адаптација-пренамена.** По извршената уплата на административни такси, во вредност определена во Тарифникот за административни такси од Законот за административни такси, **се издава Одобрениото за адаптација-пренамена** во 4 примероци, заедно со **заверен Основен проект.**

**На крајот, ги потсетуваме сите учесници во постапките дека издадените акти се подложни на правосилност во управната постапка. За добивање на правосилноста, издадените акти ги доставуваат до Одделението за урбанизам во Општина Гази Баба, во рок пропишан со закон (15 дена од денот на приемот, доколку за актот не се изјавени жалби).**

Административните такси се уплаќаат на уплатница ПП50:

Назив на Налогодавачот:
(Име и презиме на барателот за физ. лице или назив на правното лице)
Банка на налогодавачот:
(Банка на барателот ако е правно лице)
Сметка:
(сметка на барателот ако е правно лице)
Даночен број или ЕМБР:
(____________________)
Повикување на бр.:
(Бр на предмет ________)
Цел на дознака:
административни такси

Назив на примачот:
Трезорска сметка - Буџет на Општина Гази Баба
Банка на примачот:
Народна банка на РМ
Сметка:
100000000063095
Уплатна сметка:
840-177-03182
Приходна шифра:
722315
Програма:
00

Административните такси за урбанистичко планирање се уплаќаат на уплатница ПП50:

Назив на Налогодавачот:
(Име и презиме на барателот за физ. лице или назив на правното лице)
Банка на налогодавачот:
(Банка на барателот ако е правно лице)
Сметка:
(сметка на барателот ако е правно лице)
Даночен број или ЕМБР:
(____________________)
Повикување на бр.:
(Бр на предмет ________)
Цел на дознака:
административни такси

Назив на примачот:
Трезорска сметка - Буџет на Општина Гази Баба
Банка на примачот:
Народна банка на РМ
Сметка:
100000000063095
Уплатна сметка:
840-177-06275
Приходна шифра:
724112
Програма:
00

# Сребро - успех за клубот и општината



## ИВО ЦВЕТКОВСКИ

### ЕВРОПСКИ ВИЦЕШАМПИОН ВО КАРАТЕ

Сребрениот медал и второто место на европското сениорско првенство годинава во Братислава, се последен и најголем доказ за успесите на младиот Иво Цветковски, член на карате клубот Металург во населбата Автокоманда. Освоеното сребро на овој дваесетгодиШен студент на факултетот за физичка култура во Скопје, е гордост не само за клубот во кој тренира повеЌе од 12 години, туку и за опШтина Гази Баба, во која израснал. Цветковски со овој спорт се занимава од својата седма година, кога со својот две гиодини помал брат се наШол пред вратите на салата "Панче Арсовски" каде егзистира и клубот Металург. Како Што самиот вели, се започнало од игрите со брат му и нивните детски борби, а главниот "виновник" за неговите почетоци во "Металург" бил татко им, кој ги запиШал во клубот, а нивната енергија ја насочил кон спортот. Сепак, карате не бил и единствен спорт кој го интересирал Цветковски. Тој паралелно се занимавал и со фудбал од својата девета, па се до 17 година, но успесите кои почнал да ги постигнува во карате спортот  го поттикнале да се определи за само една спортска активност. Под раководство на тренерот Мирче ЈануШевски тој ги постигнал и бројните резултати. Годинава тој станал Шампион за сениори во категорија до 70 килограми, во борби. Во истата категорија освоил и прво место на меЃународниот карате турнир ТК-Опен во Тузла. На европското првенство за јуниори во Измир во февруари, освоил седмо место и во екипни борби петто. Сепак, годинава најголемиот успех го постигнал во Братислава каде за влакно ја изгубил шампионската титула во категорија до 65 килограми- борби, од турскиот натпреварувач. Ова е огромен успех, со оглед дека за првпат во историјата на македонскиот карате спорт во категорија сениори од официјално европско првенство е освоена вицеШампионска титула.

Цветковски напоменува дека поддрШка има од целото свое семејство, но сепак со гордост потенцира дека најголема благодарност за своите успеси му должи на својот тренер Мирче ЈануШевски, со кого успеШно соработува повеќе од една деценија.





Иако најголем дел од своето слободно време го поминува на тренинзите во клубот, вели дека има време и за дружења и излегување во град, но и за маалски фудбалски турнири со другарите. Она Што особено сакаШе да го нагласи и да им поррача на младите, е да се тргнат од улица, алкохолот, дрогата и останатите пороци, а слободното време да го искористат за дружење преку било кој вид на спорт. Личното задоволство во тој случај , додава, е најголемо.


Кирил и Методиј 2 Страцинци


Кирили и Методиј Стајковци


Крум Тошев


Крсте Мисирков

# Т У Р Н И Р В О


Вера Јоциќ


Наум Наумовски Борче


Стив Наумов


Наум Охридски


25 Мај


Дане Крапчев

# КОШАРКА


Глигор Прличев



На 11.05.2007 год. се одржа турнир во кошарка помеѓу основните училишта во општина Гази Баба. Настапија вкупно 11 основни училишта: 1 место освои О.У. "Вера Јоциќ" 2 место О.У. "Крсте Мисирков" 3 место О.У. "Стив Наумов"


Кире Крстевски, најдобар стрелец на турнирот

Успешно заврши лигата во мал фудбал помеѓу сите Основни училишта на ниво на Општина Гази Баба со учество на околу 200 ученици под покровителство на Општина Гази Баба и Градоначалникот Г-дин Коце Трајановски. Се одиграа 11 наптпреварувачки кола по чие завршување 1-то место го освои ОУ "Дане Крапчев", 2-то место го освои ОУ "Крсте Мисирков", 3-то место го освои ОУ "Кирил и Методиј" 2. Со оваа успешна организација на ова натпреварување Општина Гази Баба докажа дека младите ако правилно се насочат во конкретниот случај преку спортот можат да се дружат, спортуваат и забавуваат меѓусебе. Се надеваме дека овој позитивен пример ќе го следат и другите општини.

## Конечен пласман на екипите

| | Победа | Нерешено | Пораз | Дадени голови | Примени голови | Бодови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Дане Крапчев** | **9** | 2 | 0 | 55 | 17 | **29** |
| 2. Крсте Мисирков | 8 | 2 | 1 | 43 | 19 | 26 |
| 3. Кирил и Методиј 2 | 7 | 2 | 2 | 32 | 29 | 23 |
| 4. 25 Мај | 7 | 1 | 3 | 26 | 21 | 22 |
| 5. Стив Наумов | 6 | 1 | 4 | 20 | 17 | 19 |
| 6. Наум Охридски | 5 | 3 | 3 | 41 | 31 | 18 |
| 7. Вера Јоциќ | 5 | 0 | 6 | 30 | 26 | 15 |
| 8. Н. Н. Борче | 3 | 3 | 5 | 32 | 33 | 12 |
| 9. Крум Тошев | 3 | 3 | 5 | 23 | 27 | 12 |
| 10. Глигор Прличев | 2 | 0 | 9 | 24 | 41 | 6 |
| 11. Његош | 1 | 1 | 9 | 19 | 45 | 4 |
| 12. Кирил и Методиј 1 | 1 | 0 | 10 | 19 | 46 | 3 |



Дворот на општина Гази Баба

## Сервисни информации:

| | |
|---|---|
| Поликлиника - Ченто | 2 522 352 |
| Здравствена станица - Железара | 3 287 692; 3 278 758 |
| Здравствена станица - Автокоманда | 3 173 563 |
| Здравствена станица - с.Црешево | 2 575 358 |
| Здравствена станица - с.Булачани | 2 575 956 |
| Здравствена станица - Колонија Идризово | 2 546 463 |
| Гинекологија и акушерство РЕМЕДИКА | 2 603 100 |
| Домашна посета и патронажа - Гази Баба | 2 622 331 |
| Ветеринарна болница | 3 120 394 |
| Полициска станица - Гази Баба | 3 223 490 |
| Пожарна | 193 |
| Регионален центар за управување со кризи-Гази Баба | 3 240 000 |
| **Пријава на ПТТ дефекти** - Ченто | 9777 |
| приградски | 9779 |
| Детско СОС село | 2 520 424 |
| Хотел Континентал | 3 116 599 |

## Контакти со општина Гази Баба

**Адреса:**
Бул. "Александар Македонски" 66, Скопје

**Телефони:**

| | |
|---|---|
| Градоначалник | 02/ 3 22 66 55 |
| Претседател на Совет | 02/ 3 22 56 55 |
| Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на општината | 02/ 3 22 59 32 |
| Сектор за финансии и буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем | 02/ 3 22 56 55 |
| Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште | 02/ 3 23 95 34 |
| Сектор за инспекциски работи - инспекторат | 02/ 3 22 28 76 |
| **Факс** | 02/ 3 23 89 66 |
| **e-mail** | contact@gazibaba.gov.mk; kabinet@gazibaba.gov.mk |
| **Интернет адреса** | www.gazibaba.gov.mk |

## ЦЕНОВНИК ЗА РЕКЛАМЕН ПРОСТОР

| | |
|---|---|
| Цела страница | 200 евра |
| Половина страница | 125 евра |
| Третина страница | 90 евра |
| Четвртина страница | 70 евра |
| Осмина страница | 40 евра |
| Лого на насловна страница | 500 евра |
| Последна страница | 400 евра |
| Еден см² | 1 евра |
| Инсертирање флаер | 1.000 евра |

(Цените се без вклучен ДДВ)

Весникот ОГБ се печати на 32 колорни страници со формат А4. Излегува еднаш на три месеци во тираж од 20.000 примероци. Рекламите се доставуваат во TIFF формат и резолуција од 300 dpi. За изнајмување рекламен простор однапред за неколку броеви следува попуст. (За 6 месеци 15% и за 12 месеци 20%)

Општина Гази Баба

**Главен и одговорен уредник:**
Емилија Кипровска

**Заменик главен и одговорен уредник:**
Неделчо Крстевски

**Компјутерска обработка и дизајн:**
Дејан Стојанов

**Печати:**
Европа 92

**Тел:**
02/3 22 66 55
3 23 89 66